INTERREG - IPA CROSS-BORDER COOPERATION PROGRAMME
CCI 2014TC16I5CB006

# Ново програмирање за периодот 2021 – 2027

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006
EUROPEAN UNION

,
27 Септември 2021год.

Министерството за регионален развој и јавни работи
(Република Бугарија)

и

Министерството за локална самоуправа
(Република Северна Македонија)

# Ново програмирање за периодот 2021 – 2027

- Во октомври 2019 година, формирана е Заедничка работна група (ЗРГ-JWG) за изработка на Програмата.
- Една од нејзините главни задачи беше периодично разгледување и давање предлози за напредокот на програмирањето, како и одобрување на главните фази за подготовка на програмата и, конечно, на Програмата како целина.
- Членовите на ЗРГ беа номинирани во согласност со релевантната институционална и законска рамка и почитувајќи го принципот на партнерство.
- ЗРГ е составен од избалансиран број претставници на двете партнерски земји, вклучувајќи претставници на јавни органи (национални, регионални и локални), економски и социјални партнери, релевантни тела што го претставуваат граѓанското општество, вклучително и партнери за животна средина, невладини организации и тела одговорни за промовирање на социјална инклузија, родова еднаквост и недискриминација.

# Ново програмирање за периодот 2021 – 2027

- На формирањето на ЗРГ претходеше голем регионален процес на консултации спроведен во двете земји.
- Во септември 2019 година беа спроведени два состаноци на регионални фокус групи, соодветно во Благоевград (Република Бугарија) и во Струмица (Република Северна Македонија).
- Нивната цел беше да ги идентификуваат локалните потреби и потенцијали, следејќи го пристапот од долу нагоре и да вклучат предлози од засегнатите страни во однос на приоритет на целите на политиката и можните интервенции.
- Претставници на широк спектар на релевантни чинители (повеќе од 100) учествуваа на состаноците - меѓу кои локални и регионални власти, образовни институции, локален бизнис, невладини организации од регионот на КБЦ.
- Територијалната анализа на прекуграничната област, вклучително и SWOT анализата, беше одобрена преку писмена постапка во јули 2020 година.

# Заедничка работна група

- Јуни 2020 - подготвена е финалната верзија на Социо-економската анализа за новиот програмски период 2021-2027 и доставена е до членови на Заедничката работна група за новиот програмски период за одобрување.

- Септември 2020 – на 15.09.2020 организиран и одржан е технички состанок на Заедничката Работна Група за новиот програмски период 2021-2027 година во х.Сириус Струмица.

- На состанокот беа презентирани: реализираните активности на ИНТЕРРЕГ - ИПА Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија 2014-2020, Формирањето на Заедничка работна група за ново програмирање 2021-2027 и реализирани активности, беше презентирана нацрт Логика на интервенција за новиот програмски период 2021-2027

# Заедничка работна група

- Во февруари 2021 година членовите од македонската страна на ЗРГ одржаа еден состанок каде беа презентирани предлог промените во нацрт Логика на интервенција за новиот програмски период 2021-2027 и имаше дебата со учесниците за прашања и проблеми од интерес поврзани со нацрт Логика на интервенција за новиот програмски период 2021-2027.
- На официјалниот состанок на Заедничката работна група со учество на членовите од двете земји, се донесе одлука и се изгласа нацрт Логиката на интервенција за новиот програмски период на програмата.
- На 29.09.2021 година ќе се одржи технички состанок на членовите на ЗРГ од македонската страна, каде ќе се разгледува првата Нацрт Прогамата за прекугранична соработка 2021-2027 година.
- На 06.10.2021 година ќе се одржи официјалниот состанок на Заедничката работна група со учество на членовите од двете земји, кога треба да се донесе одлука и да се изгласа првата Нацрт Прогамата за прекугранична соработка 2021-2027 година.

# Работна група (Task Force) одговорна за подготовка на Територијалната стратегија за интегрирани мерки

- Во 2021 година се формира Работна група (Task Force) со членови од двете земји која е одговорна за подготовка на Територијалната стратегија за интегрирани мерки, а која се однесува на приоритетите и целите од новиот програмски период

- Правилата на работа на оваа работна група се дефинираа во документот Процедурални правила

- Во текот на 2021 година се одржаа 4 состанока со номинираните членови на работната група од македонската страна и 3 состанока помеѓу Националниот и Управувачкиот орган на програмата

# Работна група (Task Force) одговорна за подготовка на Територијалната стратегија за интегрирани мерки

- Во октомври 2021 година, се одржа состанок со номинираните членови на работната група од двете страни, Националниот и Управувачкиот орган на програмата, а по иницијатива на Националниот центар за територијален развој од Република Бугарија (во улога на подготвувач на Интегрираната територијална стратегија)
- Целта на состанокот беше потребата за подготовка и започнување на Кампања за прибирање предлог проектни идеи кои ќе користат во имплементација на ИТС за да се постигне приодот од долу нагоре (bottom-up approach)

# Работна група (Task Force) одговорна за подготовка на Територијалната стратегија за интегрирани мерки

- Кампањата започна на 09.11.2021 година, кога на веб страната на програмата истата беше објавена, заедно со покана за учество на заинтересираните страни, со поставување на прашалник за достава на предлог проектни идеи (на англиски јазик во google form), ИТС и коментарите во прилог на стратегијата.
- Документите и поканата се поставени на три јазика – бугарски, македонски и англиски.
- Кампањата ќе трае до 10.12.2021 година, што претставува последен датум за достава на предлог проектните идеи на англиски јазик, преку пополнување на прашалникот на google form.

# Работна група (Task Force) одговорна за подготовка на Територијалната стратегија за интегрирани мерки

- Информации за кампањата, исто така се достапни и на веб страната на МЛС, од 12.11.2021 година, каде документите и поканата се достапни на три јазика – македонски, албански и англиски.
- Прибирањето на податоци за заинтересирани страни на македонската територија за трите прекугранични региони (североисточен, источен и југоисточен) започна на 08.11.2021 година.
- На 15.11.2021 година, покана за учество во кампањата електронски беше испратена на скоро 800 различни адреси на заинтересирани страни.

# Работна група (Task Force) одговорна за подготовка на Територијалната стратегија за интегрирани мерки

- Презентација на кампањата во Република Северна Македонија, ќе се одржи во 3 термина, за трите плански региони
- На 22.11.2021 година за североисточен плански регион
- На 24.11.2021 година за источен плански регион
- На 25.11.2021 година за источен плански регион

# Регионални консултации за Нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина

- Министерството за локална самоуправа во улога на Национален орган на 09.08.2021 објави консултации (во Република Северна Македонија) за Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, на Нацрт Прогамата за прекугранична соработка 2021-2027 година и Нацрт Територијалната стратегија за интегрирани мерки.
- Нацрт документот Задача за определување на областа и содржината на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за проекти во рамките на Програмата за прекугранична соработка 2021-2027, имаше за цел да ги одреди областа и содржината на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

# Регионални консултации за Нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина

- Сите засегнати страни имаа можност да ги дадат своите мислења и препораки за областа и содржината на Извештајот за оцена на животната средина, како и предлози за проширување на областа на оцената.
- Сите мислења, препораки и предлози доставени во определениот временски рок ќе бидат разгледани и имплементирани во подготовката на Извештајот за оцена на животната средина и на тој начин ќе се обезбеди постигнување на целите на процедурите на Европската Комисија за интеграција на еколошките размислувања во дизајнот на програмата и стратегијата, во делот на опасноста врз животната средина и здравјето на луѓето во процесот на нивното спроведување.

# Благодарам за вниманието!

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006